Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул."Македонија"бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr."Makedonia"nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр.Nr 02-1258/23
25.07. 2024 год
Скопје/Shkup

Врз основа на член 4 став 3, член 8 став 2, член 9 алинеја 2 од Законот за судски буџет (Сл. весник на РМ бр.60/03, 37/06,103/08 и 145/10) и член 33 од Законот за буџети (Сл. весник на РМ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и Сл. весник на РСМ бр.151/21) и член 21 од Гранскиот колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ (''Службен весник на РСМ'' бр.51/20 и 172/21), Судскиот буџетски совет на 231-та седница одржана на ден 25.07.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА РСМ ЗА 2024 ГОДИНА, РАЗДЕЛ 29010 – СУДСКА ВЛАСТ, ЗА СМЕТКА 603/637, СТАВКА 404-НАДОМЕСТОЦИ ПО ЕДИНКИ КОРИСНИЦИ**

1. Судскиот буџетски совет донесува одлука за дополнителна распределба на средства од Буџетот на РСМ за 2024 година, раздел 29010 – Судска власт, за сметка 603/637, категорија 40-Плати и надоместоци, ставка 404-Надоместоци, согласно Буџетот за 2024 година со кој се обезбедени средства за исплата на регрес за годишен одмор за вработените во судската власт.

2. Рспределба на средства да се изврши согласно барањата што единките корисници на судскиот буџет ќе ги достават по извршената пресметка за потребни средства за оваа намена за вработените кои ги исполнуваат законските услови за исплата на годишен регрес согласно Грански колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавните обвинителства, казнено-

поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ (''Службен весник на РСМ'' бр.51/20 и 172/21), во нето износ од 10.984,00 денари за секој вработен.

3. За утврденото право за годишен регрес единките корисници се должни да донесат решение за секој вработен.

4. Се задолжува Стручната служба да ја внесе дополнителната распределба на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, раздел 29010 – Судска власт, за секоја единка корисник на Судска власт, по електронски пат преку АБМС системот.

5. Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Весна Дамева**